# Службен гласник
## на Општина Струмица


| Број 19 | Понеделник , 12 ноември 2007 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk


## С о д р ж и н а


**Совет на општина Струмица:**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 157. | Одлуката за изменување и дополнување – проширување на Буџетот на општина Струмица за 2007 година ..................................................... | 2 |
| 158. | Одлука за дополнување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2007 година ......................... | 4 |
| 159. | Одлука за определување на надоместоци на членовите на Советот на општина Струмица .................................. | 4 |
| 160. | Одлука за определување на надоместок за трошоците при склучување на бракови................................................ | 5 |
| 161. | Решение за разрешување и именување на членови во Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на општина Струмица ................................. | 6 |
| 163. | Програма за одржување на улиците во град Струмица, како и локалните патишта во општина Струмица за 2007/2008 година во зимски услови ......... | 7 |
| 164. | Програма за подготовка и реализација на Струмички карневал 2008 година....... | 13 |
| 165. | Правилник за начинот, условите и постапката за доделувае на Годишна награда – “Св. Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици”.................... | 16 |
| 166. | Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за периодот 01.01.2007 – 30.09.2007 година ................ | 19 |
| 167. | Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за периодот 01.01.2007 – 30.09.2007 година...................................................... | 19 |

162. Решение за разрешување и избор на членови во Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата 7 ...........

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за изменување и
дополнување – проширување на Буџетот на
општина Струмица за 2007 година

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување – проширување на Буџетот на општина Струмица за 2007 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 09.11.2007 година.

Број 08- 5232/2 Градоначалник
12.11.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

157.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр.5/02) и член 20 точка 4 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06-пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 09.11.2007 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ - ПРОШИРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 2007 ГОДИНА

Член1

Во Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” бр. 14/2007), во член 1 се менува: Вкупните приходи се зголемуваат од 377.362.988,00 денари на 380.444.821,00 денари.

Член 2

Во член 2 во Билансот на приходи, приходите се зголемуваат за 1.677.000,00 денари, по следниве потставки:

| Раздел | Сметка | Програма | Потставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 76601 | 787 | N2 | 723011 | 7.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 723013 | 10.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 723019 | 360.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 723119 | 1.300.000,00 |
| Вкупно: | | | | 1.677.000,00 |

Во истиот член расходите се зголемуваат за 1.677.00,00 денари, по следниве потставки:

| Раздел | Сметка | Програма | Потставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 76601 | 787 | N2 | 420120 | 40.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 420130 | 7.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 421320 | 50.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 421110 | 320.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 421120 | 100.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 421410 | 10.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 423110 | 130.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 423410 | 15.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 423710 | 80.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 423720 | 105.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 76601 | 787 | N2 | 423990 | 20.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 424210 | 200.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 424220 | 15.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 424430 | 185.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 424420 | 50.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 425990 | 200.000,00 |
| 76601 | 787 | N2 | 426990 | 150.000,00 |
| ВКУПНО | | | | 1.677.000,00 |

Во Билансот на расходи во основниот буџет сметка 630 програма FA потставка 482120 се намалува за 620.000,00 денари и наместо 19.509.636,00 денари изнесува 18.889.636,00 денари.

Во Билансот на расходи во основниот буџет 630 програмата A0 потставка 401390 се зголемува за 320.000,00 денари и наместо 1.800.000,00 денари изнесува 2.120.000,00 денари.

Во Билансот на расходи во основниот буџет 630 програмата D0 потставките:

464990 се зголемува за 200.000,00 денари и наместо 850.000,00 денари изнесува 1.050.000,00 денари и

426990 се зголемува за 100.000,00 денари и наместо 54.980,00 денари изнесува 154.980,00 денари.

Во Биланс на расходи програмата N1-Основно образование во колоната наменска дотација се зголемува за 868.924,00 денари и тоа по следниве потставки:

| Раздел | Сметка | Потпрограма | Потставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 76601 | 903 | N1 | 401130 | 452.357,00 |
| | | | 401310 | 27.310,00 |
| | | | 401320 | 101.492,00 |
| | | | 401510 | 47.423,00 |
| | | | 402110 | 155.814,00 |
| | | | 402210 | 67.621,00 |
| | | | 402310 | 11.761,00 |
| | | | 402220 | 3.678,00 |
| | | | 403110 | 1.468,00 |
| Вкупно | | | | 868.924,00 |

Во програмата N2-Средно образование во колоната наменска дотација се зголемува за 426.917,00 денари и тоа по следниве потставки:

| Раздел | Сметка | Потпрограма | Потставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 76601 | 903 | N2 | 401130 | 242.967,00 |
| | | | 401310 | 1.080,00 |
| | | | 401320 | 28.199,00 |
| | | | 401510 | 25.545,00 |
| | | | 402110 | 83.715,00 |
| | | | 402210 | 36.330,00 |
| | | | 402310 | 6.318,00 |
| | | | 402220 | 1.974,00 |
| | | | 403110 | 789,00 |
| Вкупно | | | | 426.917,00 |

Во Билансот на приходи колоната наменска дотација на потставка 741120-Блок дотација се зголемува за 1.295.841,00 денар.

Во потпрограмата W0-Противпожарна заштита во колоната наменска дотација потставката 402120-Придонес за бенифициран стаж се зголемува за 108.992,00 денари, а за истиот износ во Билансот на приходи се зголемува потставката 741119-Наменска дотација за ППЗ.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“

Бр. 07-5232/1 Совет на општина Струмица

09.11.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

........................................................................................................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2007 година**

1. Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2007 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 09.11.2007 година.

Број 08- 5233/2 Градоначалник
12.11.2007год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**158.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 61/04 и 96/04) и член 20 став 1 точка 4 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 09.11.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2007 година**

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2007 година (“Сл. гласник на општина Струмица” број 22/06 и 15/07), во член 10 став 1 по зборот “Вработените” се додаваат зборовите “и членовите на Советот”.

Член 2

Во член 12 став 1 по зборот “денари” се додаваат зборовите “вработените и членовите на Советот”.

Член 3

По член 14 од Одлуката се додаваат два нови члена 14а и 14б кои гласат:

“Член 14 а

Месечниот надоместок за присуство на седница на членот на Советот изнесува 9.460,00 денари.

На претседателот на Советот за раководењето и организирањето на работата на Советот надоместокот од став 1 се зголемува за 2.830,00денари.

Член 14 б

На членовите на работните тела кои не се членови на Советот на општината, а се избрани од Советот и Градоначалникот, за присуство на седницата на телото им се исплатува надоместок во висина од 500,00 денари”.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-5233/1 Совет на општина Струмица
09.11.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на општина Струмица**

1. Се објавува Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 09.11.2007 година.

Број 08- 5231/2 Градоначалник
12.11.2007год. на општина Струмица

С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................................

**159.**

Врз основа на член 2 од Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ("Сл. весник на РМ" бр. 121/07) и член 20 став 1 точка 44 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06 - пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на ден 09.11.2007 година донесе

О д л у к а
за определување на надоместоци на членовите на Советот на општина Струмица

Член 1

На членовите на Советот на општина Струмица им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од став 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на општина Струмица.

Член 2

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот на општината изнесува 70% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

Висината на месечниот надоместок за присуство на седниците се утврдува со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица.

Член 3

На претседателот на Советот на општината, за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од членот 2 се зголемува за 30%.

Член 4

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на општината се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на општината се намалува за 30% за секое неоправдано отсуство од седница на Советот и работните тела на Советот.

Оправданоста за отсуството од седницата на Советот и работните тела ја оценува претседателот на Советот, односно претседателот на работното тело.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на општината не се исплатува, доколку членот на Советот не присуствува на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присутво на седниците не се исплатува, доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 5

На членовите на Советот на општината им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство, според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во Општинската администрација на општина Струмица.

Член 6

На членовите на Советот им се признаваат трошоци за користење на мобилни телефони за контакт со граѓаните во висина од 2.000,оо денари.

Член 7

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи "Одлуката за висината на надоместокот за присутво на седниците на Советот и постојните работни тела, на членовите на Советот и матичарите при склучување на бракови ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 6/07)".

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица", а ќе се применува од 1 ноември 2007 година.

Бр. 07-5231/1 Совет на општина Струмица
09.11.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

........................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е

за објавување на Одлуката за
определување на надоместок за
трошоците при склучување на бракови

1. Се објавува Одлуката за определување на надоместок за трошоците при склучување на бракови, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 09.11.2007 година.

Број 08- 5234/2 Градоначалник
12.11.2007год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

........................

**160.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06 - пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 09.11.2007 година, донесе

О д л у к а
за определување на надоместок за
трошоците при склучување на бракови

Член 1

Со оваа Одлука се определува надоместокот за трошоците кои настануваат при склучување на бракови.

Член 2

Надоместокот за склучување на бракови во сабота, недела и државните празници изнесува 1.200,оо денари.

За склучување на бракови во работните денови надоместокот е 400,оо денари.

Член 3

Надоместокот за бракови се уплаќа на жиро - сметка во корист на Буџетот на општина Струмица.

Член 4

Собраните средства се користат за исплата на надоместок :

- во сабота, недела и државните празници по 400,оо денари на службените лица за склучување на бракови, членовите на Советот и трошоците за тековно и инвестиционо одржување на просториите каде се склучуваат браковите;
- Во работните денови 200,оо денари на членовите на Советот и 200,оо денари за трошоците за тековно и инвестиционо одржување на просториите каде се склучуваат браковите;

Член 5

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи “Одлуката за определување на надомест на трошоците кои настануваат при склучување на бракови (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 6/97)”.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-5234/1 Совет на општина Струмица
09.11.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за
разрешување и именување на членови во
Комисијата за утврдување на пазарната
вредност на недвижниот имот на
подрачјето на општина Струмица

1. Се објавува Решението за разрешување и именување на членови во Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на општина Струмица, донесено на седница на Советот на општина струмица, одржана на 09.11.2007 година.

Број 08- 5237/2 Градоначалник
12.11.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................

**161.**

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноци на имот (“Сл. весник на РМ” број 61/04 и 92/07) и член 20 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 – пречистен текст),

Советот на општина Струмица на седницата одржана на 09.11.2007 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување и именување на членови во Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на општина Струмица**

1. Се разрешуваат членовите на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на Општина Струмица, по нивно барање:

- Олгица Пиперевалиева
- Данче Тасева
- Крсте Петров.

2. За членови во Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на Општина Струмица, се именуваат:

- Тања Божинова
- Елизабета Николова и
- Веселинка Ристовска.

3. Ова Решение влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-5237/1 Совет на општина Струмица
09.11.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Решението за разрешување и избор на членови во Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата**

1. Се објавува Решението за разрешување и избор на членови во Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 09.11.2007 година.

Број 08- 5238/2 Градоначалник
12.11.2007год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**162.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 43 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 09.11.2007 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување и избор на член во Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата**

1. Се разрешува од член во Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата:
- Елизабета Дончевска – Лушин

2. За член во Комисијата се избира:
- Златко Станков, член на Советот на општина Струмица

3. Ова решение влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-5238/1 Совет на општина Струмица
09.11.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Програмата за одржување на улиците во град Струмица, како и локалните патишта во општина**

Струмица за 2007/2008 година во зимски услови

1. Се објавува Програмата за одржување на улиците во град Струмица, како и локалните патишта во општина Струмица за 2007/2008 година во зимски услови, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 09.11.2007 година.

Број 08- 5235/2 Градоначалник
12.11.2007год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………..

**163.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 09.11.2007 година, донесе

П р о г р а м а
за одржување на улиците во град Струмица, како и локалните патишта во Општина Струмица за 2007/2008 година во зимски услови

1. Општ дел

Со оваа Програма се предвидува обемот, динамиката и начинот на одржување на улиците во гр. Струмица, како и локалните патишта во општина Струмица, опфатени со Основниот урбанистички план, во зимски услови во сезоната 2007/2008 година.

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на сите правни и физички лица, преку:

- определување на обемот на работите и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини;
- дефинирање на работите и обврските за сите учесници за нејзина реализација; и
- определување на потребните финансиски средства.

2. Организациона поставеност на учесниците

Преку организационата поставеност се дефинирани работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализацијата на оваа Програма.

2.1. Сектор за комунални работи, урбанизам, заштита на животна средина и ЛЕР при општина Струмица:

- ја изготвува Програмата;
- ја организира зимската служба;
- врши стручен надзор во извршувањето на Програмата;
- го известува Градоначалникот на Општината и Дирекцијата за заштита и спасување да ја вклучи механизацијата на ГП кога ЈПКД “Комуналец” не е во состојба да одговори на задачите на Програмата;
- преку средствата за јавно информирање, информира за обврските на зимските служби и обврските на учесниците.

2.2.ЈПКД “Комуналец”Струмица:

- ја реализира Програмата за функционирање на зимската служба;
- организира редовна приправност со потребна опрема: алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација за дејствување во зимски услови;
- одговорните работници на дежурството вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти, ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани;
- Секторот за комунални работи, урбанизам, заштита на животна средина и ЛЕР при општина Струмица набавува, а ЈПКД “Комуналец” обезбедува чување и складирање како и растурање на сол и песок и други материјали;
- ги подготвува возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови:
- со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на голомразнатицата од коловозните површини;

- ја оспособува атмосферската канализација-шахти и сливниците за прифаќање на вишокот од води при топење на снегот;
- води целосна документација за зимската служба;
- доставува распоред на лица за приправност со податоци за работната рака и механизацијата секој месец однапред;

- врши редовно тековно одржување на возилата и опремата;

- обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата.

2.3.Други учесници

2.3.1.Градежна оператива

Механизацијата на градежните претпријатија ги ангажира општина Струмица. Механизацијата на градежните претпријатија ја сочинуваат: 1 грејдер; 7 утоварачи; 1 камиони со плуг, 1 трактор со плуг и 13 кипери. По потреба ќе се ангажираат и други машини.

Расчистувањето со оваа механизација ќе се врши според плановите – шемите за расчистување на сообраќајниците во градот и локалните патишта. Целокупната документација за учество на градежната оператива ја води Секторот за комунални работи, урбанизам, заштита на животна средина и ЛЕР при општина Струмица – Одделението за комунални работи преку задолжените лица и тоа за присуство на механизацијата, времето на вклучување, реализираниот број на работни часови и квалитетот на извршените задачи.

Во зимската служба покрај ЈПКД “Комуналец” при пообемни врнежи на повик на Дирекцијата за заштита и спасување се ангажираат следните градежни прептријатија:

- АДИНГ “Градба” со еден грејдер за локални патишта;

- ГП “Бетон” со еден утоварач и еден кипер за градот;

- ГП “Пелагонија” со два кипера за градот и 1 утоварач;

-“Жикол” Струмица со 1 утоварач и 1 кипер;

-“Габро” Струмица со 1 утоварач и 1 кипер;

- “Тупаров” Струмица со 1 утоварач и 1 кипер;.

- “Џови – Компани” со 1 Фап - МАЗ и утоварач 1 и

- “Хигиена” Муртино 1 утоварач ИЦБ и трактор со плуг.

СВР – Сообраќајна полиција

при Одделението за безбедност, го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти за поефикасно оспособување на сообраќајниците.

2.3.3. ЈПКД “Комуналец” – “Чистота” и “Градско заленило”.

- покрај своите редовни активности врши расчистување на снег на пристапите до контејнерите и околу нив;

- ги расчистува пешачките зони и тротоарите во централното градско подрачје;

- врши сечење и отстранување на паднати дрвја и гранки од коловозите и тротоарите;

- го расчистува снегот од поважните стази во гробиштата и пред капелата;

- контрола врз работата на “Комуналец”- “Чистота” врши Оделението за инспекциски работи при Општина Струмица.

2.3.4. ЈПКД ”Комуналец”- Канализација со изградба:

- ја оспособува атмосферската канализација и сливниците за прием на поголеми количини на вода во зимски услови и со цистерни ја отстранува водата во случај на избивање на канализација во куќи;

- контрола врз работата на “Комуналец”- “Водовод и канализација” врши Оделението за инспекциски работи при Општина Струмица .

2.3.5.”Електро-Струмица”

- ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електроинсталации и објекти.

2.3.6.Македонски телекомуникации

-ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ТТ уреди, инсталации и телефонски говорници.

2.3.7.Претрпијатијата, заедниците и граѓаните чии објекти и простории се користат од страна на граѓаните (пазаришта, бензински пумпи, паркиралишта и слично, преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и гломразицата од овие објекти и простории.

2.3.8. Претпријатијата, училиштата, заедниците и граѓаните - сопственици,

односно корисници на деловни згради и деловни простории (стоковни куќи, дуќани, продавници и слични објекти) преземаат мерки за чистење на снегот и голомразицата пред своите објекти.

2.3.9.Граѓаните, односно сопствениците, станарите и закупувачите на станбените објекти го чистат снегот и голомразицата од тротоарите-патеките и приодните места пред своите станбени објекти.

Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите, при што се води сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградата на начин што ќе обезбеди непречен сообраќај.

1. Обем на одржување

Обемот на одржување на улиците во градот зависи од:

- густината на населеноста на делови од градот;
- фреквенцијата на луѓе и моторни возила;
- видот и бројот на инфраструктурните објекти.

Коловозните површини за оспособување на ниво на градот се 30.150 км и нивното расчистување се одвива по приоритетна листа.

## ПРИОРИТЕТНА ЛИСТА ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ ВО ГРАДОТ И ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

За нормално одвивање на сообраќајот на улиците во гр. Струмица во зимски услови при врнежи на снег и голомразица неопходно е зимско одржување.

Одржувањето се состои од машинско чистење на снегот од коловозот на улиците, прскање со сол по отстранувањето на снегот и рачно чистење на делници со отварање на ленти за истек на водата во сливниците од атмосферската канализација.

Според важноста на улиците, интензитетот на сообраќајот и местоположбата на истите се поделени во 4 приоритетни групи на одржување.

I. П р и о р и т е т

Во I-ва приоритетна група спаѓаат сите приодно-влезни улици во градот, централните улици со голем интензитет на сообраќајот, улици кои го поврзуваат административниот центар. Управата за внатрешни работи, амбулатно-поликлиничките установи и автобуската станица.

Тие улици претставуваат костур на главните улици во градот со можност за влез и излез на секое надворешно возило, пристап до административниот центар и интервенција на органот за регулирање на сообраќајот во градот и Општината.

Тоа се булеварите и улиците:

1.Ул.”Ленинова”……….. 2 x 1200 = 2.400 м
2.Бул.”Маршал Тито”…..2 x 400 = 800 м
3.Бул.”Гоце Делчев” . 2 x 600 = 1.200 м
4.ул.”Балканска”…………………..….500 м
5.ул.”Маршал Тито”……….……….. 3.250 м
6.ул.”Дим.Влахов”…………..……… 250 м
7.ул.”Младинска”…………………... 2.250 м
8.ул.”Братство Единство”…….….… 700 м
9.ул.”Панче Пешев” ………….……… 750 м
10.ул.”Сандо Масев”……………... 200 м
11.ул.”Невена Стојкова”…..….. .... 230 м
12.ул.”Вера Циривири-Трена” ..…. 300 м
13.ул.”Стив Наумов”…………….... 700 м
14.ул.”Дрварска”…...……………… 300 м
15.ул.”24-ти Октомври”………………. 300 м
16.ул.”Гоце Делчев” …..…………….. 200 м
17.ул.”5-ти Ноември”……………….... 600 м
18.”Елка Јанкова” …………………..….350 м
19.”Спиро Захов” – од ул. “М.Тито” до Одделенито за неврологија и психијатрија……………………..…... 300 м
20.”Ѓорги Василев” ……………. 300 м
21.”Благој Мучето”(рачно чистење)… 350 м
22.ул.”Кирил и Методи”……………..… 600 м
23.ул. “Моша Пијаде” од пресекот на ул. ”Невена Стојкова” до пресекот со ул. “Ванчо Китанов”………...…... 200 м

Вкупно: 17.030 м

Во првата прооритетна група на одржување спаѓаат и локалните патишта: Струмица - Просениково, Струмица – Гр. Балдовци, Струмица - Добрејци, во вкупна должина од 12,5 км. како и Муртино – гробишта – Муртино, Муртино – Сачево,

Сачево до Магистрален пат во вкупна должина од 5 км.

Улица од раскрсница регионален пат – Р-608 - Завод за рехабилитација до објектот на Шумското стопанство во должина од 2.000 м., Костурино – Дорломбос од 9 км. – Мемешли во должина од 2 км. Раборци регионален пат 400 метри, регионален пат Р-605 до училиштето во с.Габрово во должина од 500м.

Куклиш: од регионалниот пат до Основното училиште и регионалниот пат до црквата.

За нивно одржување е надлежен Секторот за комунални работи, урбанизам, заштита на животна средина и ЛЕР при општина Струмица и некои од оперативите што имаат можност тоа да го реализираат.

### II. П р и о р и т е т

Во II - приоритет на улици за зимско одржување спаѓаат улиците со посебен интензитет на сообраќај. Тие ги поврзуваат улиците од првиот приоритет или даваат можност за побрз влез и излез на сообраќајот од поодделни реони на градот.

Со расчистување на улиците од првиот и вториот приоритет, сообраќајот во градот може несметано да се одвива во сите правци и во сите реони на градот. Такви улици во градот се:

1.Ул.”22 Декември”………………..……. 300 м
2.Ул.”Никола Тесла”………..………. 250 м
3.ул.”11 Октомври”…………………… 600 м
4.ул. ”Ѓуро Салај” ………………….… 700 м
5.ул”Моша Пијаде” …..……………… 400 м
6.Ул”Герас Цунев”…..……………… ..350 м
7.ул.”Ѓуро Ѓаковиќ” …..…………….. 600 м
8.ул.”Дојранска”……..…………..…… 200 м
9.”15-ти Мај”……………………… …..200 м
10.ул.”Кр.Република”……..………2000 м
11. ул.”Ристоман Попчевски”…...….. 400 м
12.”Дим.Цветинов”…………………..…270 м
13.”Боро Џони”……………….…………200 м
14.”Браќа Миладинови”……..………700 м
15.”Ристо Ќурчиев”…………………. 250 м
16.ул.’Ценка Павлова” ……………. 150 м
17.ул.”Ката Поцкова” ……………… 550 м
18.ул.”1-ви Мај”……………………… 370 м
19.ул.”Бетовенова”…………………. 500 м

Вкупно: ………………..… 8.990 м

Улици во населени места:

Муртино:
Манушева Маала, Бансколиева Маала, Грозданова Маала и од Поштата до чешмата во Чифликот.

Габрово:

Главната улица што води кон црквата.

Свидовица:

Од Регионалниот пат до центарот на Свидовица.

### III. П р и о р и т е т

Во овој приоритет спаѓаат улиците со помал интензитет на сообраќај. Се работи за собирни улици на блоковите. Покрај нив нема некои поважни објекти од административен, здравствен или јавен карактер. Такви улици се:

1.ул.”Ванчо Китанов”……………….. 500 м
2.ул.”Орце Николов”…..……..…... 200 м
3.ул.”Васил Сурчев”…..…………….. 400 м
4.ул.”4-ти Јули”……… ……………..… 200 м
5.ул.”Жртви на фашизмот”……..….. 320 м
6. ул”Јанко Цветинов”……………..…400 м
7. ул”Киро Минанов”……………..…...100 м
8. ул”Иљо Шопов”………..………..… 600 м
9. ул”Борис Поп-Димитров”…………400 м
10. ул.”Широк Дол”……………………300 м
11.ул.”Киро Абрашев” ……………….. 600 м
12.ул”Пиринска”…………..……..…. 260 м
13. ул”Дебарска”…………………..… 150 м

Вкупно: ………….……….. 4.430 м

### IV.П р и о т и т е т

Во овој приоритет спаѓаат сите останати улици во градот по кои се одвива мошне слаб сообраќај и претставуваат кракови и џебови на улици од претходните три приоритети или пак сеуште не се асфалтирани или отворени па не е можна некоја поефикасна интервенција за одвивање на сообраќајот во зимски услови.

### V. Динамика и ниво на одржување

Оспособувањето на коловозите се врши во зависност од временските услови и тоа:

- состојбата на присуство на голомразици или снежни врнежи до 20 см (прва состојба на готовност);
- состојба на голомразица и снежни врнежи над 20 см (втора состојба на готовност).

Оспособувањето, (расчистувањето) на коловозните површини во првата состојба на готовност го врши ЈПКД "Комуналец", а во втората состојба на готовност ЈПКД "Комуналец" со градежната оператива согласно договорените обврски.

Во прата состојба на готовност ЈПКД "Комуналец" со својата ангажирана механизација, работна сила и абразивни средства, врши оспособување на коловозните површини за сообраќај и тоа првенствено на сообраќајниците од првата приоритетна листа. Градежната оператива го расчистува делот од околните патишта до населените места од Општина Струмица.

Сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови за 8 (осум) часа, сметано од моментот на почнување на снежните врнежи. При тоа, булеварите ќе бидат оспособени за сообраќај и на двете коловозни линии.

Во втората состојба на готовност ЈПКД "Комуналец" заедно со градежните оперативи врши оспособување на коловозните површини од првата приоритетна група, а потоа продолжува со другите две приоритетни листи и тоа прво ќе се расчистат сообраќајниците од првата приоритетна листа до населените места, а потоа ќе се продолжи со улиците од втората и третата приоритетна листа.

## Механизација, опрема, материјали и работна сила:

ЈПКД "КОМУНАЛЕЦ" СТРУМИЦА

Прва состојба на готовност:

Механизација и опрема:

1.ФАП – 13 со плуг ССР – 18 "Рико".1 број
2.Трактор со распрскувач на сол … 2 броја
3.Утоварач ИЦБ ………………..…. 2 броја
4.Траткор со приколка ……..…...1 број
5.ФАП – 13 без плуг ………………… 1 број

Работна рака:

1.Возачи …………………………….. 5
2.Работници за опслужување ……3

## Втора состојба на готовност:

Механизација и оператива од ЈПКД "КОМУНАЛЕЦ" СТРУМИЦА:

1.ФАП–13 со плуг ССР – 28 "Рико"….1 број
2.Трактор со распрскувач на сол.. 2 броја
3.Утоварач ИЦБ …….…………… 2 броја
4.Трактор со приколка …..……… 1 број
5.ФАП – 13 без плуг ……………….. 1 број

АДИНГ "ГРАДБА":

1.Грејдер …………………….. 1 број

ГП "БЕТОН":

1.Утоварач……………..…...1 број
2.Камион кипер ……..……..…1 број

ГП "ПЕЛАГОНИЈА"

1.Кипери …………….…….. 2 броја
2.Утоварач……………..……1 број

"ЖИКОЛ"

1.Утоварач…………………... 1 број
2.Кипер……………………..… 1 број

"ГАБРО":

1.Утоварач………………….1 број
2.Кипер……………………… 1 број

"ТУПАРОВ"

1.Кипер……………………… 1 број
2.Утоварач…………………. 1 број

"ЏОВИ – КОМПАНИ"
1.Барери ………………….. 2 броја
2.Утоварач ………………. 1 број
3.Кипери ………………… 2 броја

"ХИГИЕНА" МУРТИНО

1.Утоварач ИЦБ ……..….. 1 број
2.Трактор со плуг………...1 број

*Работна рака:*

Работната рака ја обезбедува ЈПКД "Комуналец"

- раководител ...................... 1 работник
- ракоодител на смена ............. 1 работник
- работници за припрема на сол........................ 3 работника

VI.Локација за депонирање на снегот е коритото на реката Струмица и тоа:

1. Покрај мостот на патот Струмица – Просениково; и
2. Покрај мостот на патот Дабиле - Петралинци

VII.Финансиски средства потребни за подготовка и реализација на зимската служба:

Финансирањето на активностите предвидени со оваа Програма ќе се вршат од средствата предвидени во Буџетот на општина Струмица.

За реализација на оваа Програма потребно е да се обезбедат.. 800.000 ден.

Набавка на индустриска сол пакувана во вреки................ 240.000 ден.

Средства за ангажирање механизација и работна рака и набавка на распрскувач за сол....560.000 ден.

VIII.Извршување на Програмата и надзор

Активностите за одржување на сообраќајниците во зимски услови ги реализира ЈПКД "Комуналец" Струмица и други градежни оперативи по Оперативниот план направен од Секторот за комунални работи, урбанизам, заштита на животна средина и ЛЕР – Одделение за комунални работи при општина Струмица со Дирекцијата за заштита и спасување.

За одржување на локалните патишта во зимски услови Општината да склучи договори со оперативата оспособена за одржување на локални патишта.

Надзор врз извршувањата врши надлежниот комунален орган за комунални работи при општината и комуналниот инспектор.

IX . Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-5235/1 Совет на општина Струмица
09.11.2007 год. Претседател,
Струмица Зоран Ристов с.р.

..........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за подготовка и реализација на Струмички карневал 2008 година

1. Се објавува Програмата за подготовка и реализација на Струмички карневал 2008 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 09.11.2007 година.

Број 08- 5239/2 Градоначалник
12.11.2007год. на општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.

......................

164.
Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 - пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 09.11.2007 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ПОДГОТОВКА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРУМИЧКИОТ КАРНЕВАЛ 2008 год.

Струмичкиот карневал е културна манифестација која е директно поврзана со верскиот празник "Тримери" односно со празникот Прочка, единствена од таков вид во Република Македонија, посветена на армасаните девојки. Бидејќи овие празници се поврзани со големиот

христјански празник Велигден, кој ја менува датата, и времето на реализирањето на карневалските активности се менува. Главната карневалска вечер секогаш се одржува во вторник после Прочка.

Традиционалните карневалски активности во рамките на Струмичкиот карневал 2008 ќе се реализираат од 08 до 12 март 2008 година.

За подготовка и реализација на сите активности во рамките на карневалот се грижи Одборот за организација на Струмичкиот карневал од 7 лица, именуван од Советот на Општина Струмица. Во рамките на карневалските активности се вклучени и повеќе пропратни активности како што се : Меѓународниот фестивал на карикатура и афоризми, Изложбата на цртежи и маски изготвени од учениците во основното образование, двете во организација на Центарот за култура “Антон Панов” Награден конкурс на литературни творби на тема: “карневал” во организација на Општинската библиотека “Благој Јанков - Мучето” изложбата на фотографии итн.

Покрај за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал Одборот за организација се грижи и за учеството на наши карневалски групи на карневалите во други градови во Македонија и други држави што допринесува за дополнителна афирмација на Струмичкиот карневал во земјата и странство. Од овие причини работата на Одборот за организација се одвива практично во текот на целата година а подготовката за наредниот карневал започнува непосредно по завршувањето на претходниот, или поточно уште за време на траењето на истиот бидејќи во тој момент веќе се преговара со гостите за нивното учество на идниот карневал.

Вклучувањето на карневалски групи од други држави Одборот го има како трајна определба. Странските групи покрај тоа што го збогатуваат карневалот и квантитативно и квалитативно туку му даваат и интернационален карактер, а со тоа и многу поголема афирмација не само на карневалот туку и на Струмица како град.

За карневалот 2008 Одборот планира да покани покрај веќе традиционалните учесници од Словенија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Бугарија и карневалски групи од Малта,Белгија, Грција, Австрија и др.

Како што е познато во карневалската поворка секоја година учествуваат и карневалски групи од повеќе градови од републиката. Истите ќе бидат поканети и годинава.

Досегашното искуство покажа дека маскираните групи од Струмица и струмичко се вклучуваат со се поквалитетни маски благодарение на соработката со Одборот, така да овие контакти ќе продолжат и годинава. Ова посебно се однесува на соработката со училиштата од каде доаѓаат најмасовните маски.

Организациониот одбор планира во рамките на Струмичкиот карневал 2007 година да ги реализира традиционалните и веќе препознатливи активности, што впрочем е предвидено и со правилникот за организација на истиот. И годинава ќе се настојува да се реализира од минатата година востановената акција за уредување на излозите во карневалски дух, како и изложбата на отворено со постери инспирирани од најуспешните маски од досегашните карневали со што ќе дадеме можност да се направи ретроспектива на се она што се случувало во изминатите 17 години од обновувањето на организираната форма на Струмичкиот карневал.

Годинава како новитет ќе се јави нова квалитетна содржина на Струмичкиот карневал, претставување на еден од светски познатите карневали. Истата ќе се реализира преку изготвувањето на посебни панаоа за поставување на изложбата на отворено со што ќе ја видат повеќе граѓани, со истовремено отворање на истата во изложбен простор, а ќе се настојува да се обезбеди и учество на група од карневалот кој се претставува. За годинава веќе е обезбедено претставувањето на карневалот од Малта и Гозо.

**Согласно одредбите на правилникот и традицијата во рамките на Струмичкиот карневал 2008 година ќе се реализираат следните активности:**

| | |
|---|---|
| 08.03. (сабота) 2008 година: | Свечено отварање на Струмичкиот карневал - 2008, со маскенбал во хотелот ″Сириус″ со избор на принц и принцеза на карневалот. |
| 09.03.(недела) 2008 година: | Детски карневал по повод ″Прочка″. Истиот ќе се реализира на традиционалното место, ул. ″Благој Мучето″ и плоштад″Гоце Делчев″ |
| 10.03.(понеделник) 2008 година: | - Традиционална програма по повод чист понеделник, варење на бел грав.<br>- Отварање изложба на маски и цртежи на тема Карневалски маски, изработени од учениците во предучилишното и основното образование.<br>- Отварање изложба на карикатури од наградниот конкурс на карикатура на тема Карневал.<br>- Доделување награди на наградниот конкурс за афоризми на тема Карневал<br>- Отварање изложба на фотографии на тема ,, Магијата на карневалот од Малта и Гозо<br>- Доделување награди на литературниот конкурс за творби на тема “карневал”. |
| 11.03.(вторник) 2008 година: | - Струмички карневал - главна карневалска вечер |
| 12.03.(среда) 2008 година: | - Доделување наградите од главната карневалска вечер<br>- Одбележување на Тримерските обичаи |

Детскиот карневал ќе има ревијален карактер и нема да се наградуваат најуспешни маски.

Вклучувањето на маските во главната карневалска вечер има натпреварувачки карактер. Маскираните групи кои доаѓаат од други земји се вклучуваат во поворката вон конкуренција за награди.

Маските вклучени во конкуренција во главната карневалска вечер се натпреваруваат во осум категории:

- категорија А: Групна маска со 50 и повеќе лица
- категорија Б: Групна маска со 20 до 49 лица
- категорија В: Групна маска со 10 до 19 лица
- категорија Г: Мала група - изворна тема
- категорија Д: Мала група - слободна тема
- категорија Ѓ: Поединечна маска - изворна тема
- категорија Е: Поединечна маска - слободна тема
- категорија Ж: Маскирана музичка група

Согласно Правилникот за организација на Струмичкиот карневал во секоја категорија можат да се поделат по три награди: прва, втора и трета во износ:

- категорија А: 800 Евра; 700 Евра и 600 Евра
- категорија Б: 500 Евра; 400 Евра и 300 Евра
- категорија В: 350 Евра; 250 Евра и 150 Евра
- категорија Г: 150 Евра; 100 Евра и 75 Евра
- категорија Д: 150 Евра; 100 Евра и 75 Евра
- категорија Ѓ: 100 Евра; 75 Евра и 50 Евра
- категорија Е: 100 Евра; 75 Евра и 50 Евра
- категорија Ж: 100 Евра; 75 Евра и 50 Евра

Вкупниот награден фонд изнесува 5.375 Евра во нето износ, односно околу 340.000 во денарска противвредност, или околу 410.000 во бруто износ. Покрај овие

награди согласно правилникот жирито може да додели и дополнителни награди во зависност од квалитетот на маските за што
ќе бидат потребни и дополнителни средства. Имајќи го во предвид искуството од минатите години за голема конкуренција на квалитетни маски и потребата од дополнителни награди во финансовиот план за годинава се предвидени дополнителни средства за овие награди со што ќе се настојува и овие дополнителни награди во колку се доделат да бидат соодветни на квалитетот на маските и категоријата а не како досега да бидат навистина симболични.

Организациониот Одбор доделува и една награда во износ од 6.000 денари на конкурсот за карикатура како и награди за најдобро уредени излози во карневалски стил: 3 x 5000 = 15000

Следејќи ги сознанијата од организацијата на карневалските активности од претходните години, Одборот за карневалот - 2008 го усвои следниот финансиски план:

## Расходи:

| Реден број | Расходи | Износ ден |
|---|---|---|
| 1. | Награди за главната карневалска вечер | 550.000 |
| 2. | Изработка на пропаганден материјал | 100.000 |
| 3. | Озвучување на сите настани | 120.000 |
| 4. | Огномет | 150.000 |
| 5. | Детски карневал | 100.000 |
| 6. | Градски оркестар и ганфари | 30.000 |
| 7. | Трошоци за групи од странство | 600.000 |
| 8. | Трошоци за групи д земјата | 70.000 |
| 9. | Трошоци за гости од FECC | 60.000 |
| 10. | Тошоци за маскембал | 50.000 |
| 11. | Уредување на траса | 70.000 |
| 12. | Поставување на бина-монтажа и демонтажа | 80.000 |
| 13. | Изработка на 20 слободно стоечки столба за исложба | 120.000 |
| 14. | Изработка на постери за изложбата | 60.000 |
| 15. | Костимирање на царска свита | 50.000 |
| 16. | Ангажман на водители | 10.000 |
| 17. | Ангажман на домаќин за гостинските групи | 15.000 |
| 18. | Ангажман за обезбедување на поворката | 15.000 |
| 19. | Поставување на мобилни санитарии | 30.000 |
| 20. | Награда за карикатура | 40.000 |
| 21. | Награда за најдобро уреден излог | 6.000 |
| 22. | Програма пред главната карневалска поворка | 15.000 |
| 23. | Членарина на FECC | 60.000 |
| 24. | Учество на наши групи на други карневали | 20.000 |
| 25. | Расходи и материјални трошоци на Организационит одбор | 300.000 |
| 26. | Непредвидливи трошоци | 100.000 |
| 27. | Поставување на видео бимови | 50.000 |
| | Вкупно: | 2.921.000 |
| | Стартен фонд за подготовка на карневалот 2009 | 200.000 |
| | Вкупно раходи: | 3.121.000 |

## Приходи:

| Реден број | Приходи | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Буџет на општина Струмица | 1.000.000 |
| 2. | Министерство за култура | 600.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Приход од спонзорства | 1.521.000 |
| | Вкупно приходи: | 3.121.000 |

